# Службен весник на Република Македонија

**Број 171** **28 декември 2012,петок** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4021. | **Закон** за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за прв програмски заем за развојни политики за конкурентност……….. | 3 |
| 4022. | **Закон** за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година………………………………… | 4 |
| 4023. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за буџетите………… | 19 |
| 4024. | **Закон** за задолжување на Република Македонија со заем кај Дојче банка по Договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка…….... | 20 |
| 4025. | **Закон** за изменување на Царинскиот закон…………………………….... | 21 |
| 4026. | **Закон** за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри | 22 |
| 4027. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во Мировна операција во Авганистан во состав на Меѓународните сили за безбедносна поддршка на Авганистан – ИСАФ | 23 |
| 4028. | **Одлука** за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија………………………………….. | 23 |
| 4029. | **Уредба** за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди ([1])................... | 24 |
| 4030. | **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Тетово..................... | 32 |
| 4031. | **Одлука** за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 3.6.2011 до 31.12.2011 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.............................. | 32 |
| 4032. | **Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2011 година. | 32 |
| 4033. | **Одлука** за ослободување од плаќање радиодифузна такса.................... | 32 |
| 4034. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука................................ | 33 |

Стр.


4035. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавни берзански аукции........ 35

4036. **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена земјоделско во градежно земјиште, според Локална урбанистичка планска документација, за изградба "Угостителски објект - ресторант" КО Раштани вон г.р., во општина Кичево............ 35

4037. **Одлука** за измена на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија", во државна сопственост, Скопје................................................ 35

4038. **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје......... 35

4039. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултет за безбедност – Скопје во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола... 36

4040. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено поправен дом Идризово........................................... 36

4041. **Одлука** за одобрување на Статутот за изменување на Статутот на „Водостопанство Брегалница" - Кочани 37

4042. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги.................................................. 37

4043. **Одлука** за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини...................................... 37

4044. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи.. 38

4045. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за правда.......... 38

4046. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за животна средина и просторно планирање........... 38

4047. **Одлука** за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцит на Јавното претпријатие Македонија пат Скопје на локалитетот "Бадар Летевци", општина Петровец........................... 38

4048. **Одлука** за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни ствари на Државниот завод за ревизија...................... 39

4049. **Исправка** на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Градот Скопје 39


Стр.


4050. **Исправка** на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Градот Скопје................... 39

4051. **Програма** за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година......... 41

4052. **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година.................................. 41

4053. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје................................................ 43

4054. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор од редот на стручните работници на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје................................................ 43

4055. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈУ за деца детско одморалиште „Илинден" – Гостивар..................... 44

4056. **Решение** за именување директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје................................ 44

4057. **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи............ 44

4058. **Решение** за именување заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи..................................... 44

4059. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Јавната установа Центар за социјална работа Ресен............................ 45

4060. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино........................... 45

4061. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга............................... 45

4062. **Одлука** за избор на судија на Управен суд............................................... 45

4063. **Одлука** за избор на судија на Апелационен суд Скопје......................... 45

4064. **Одлука** за избор на судии на Апелационен суд Гостивар..................... 46

4065. **Одлука** за избор на судии на Основен суд Велес.................................... 46

4066. **Одлука** за избор на судии на Основен суд Гостивар.............................. 46

4067. **Одлука** за избор на судија на Основен суд Куманово............................. 46

4068. **Одлука** за избор на судија на Основен суд Скопје 1 Скопје................... 46

4069. **Одлука** за избор на судија на Основен суд Скопје 2 Скопје................... 47

4070. **Одлука** за избор на заменик претседател на Судскиот совет на Република Македонија......................... 47

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4071. | **Решение** од Судски совет на Република Македонија......................... | **47** |
| 4072. | **Решение** од Судски совет на Република Македонија......................... | **47** |
| 4073. | **Решение** од Судски совет на Република Македонија......................... | **47** |
| 4074. | **Оглас** од Судски совет на Република Македонија.................................. | **48** |
| | **Огласен дел......................................** | **1-96** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4021.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРВ ПРОГРАМСКИ ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по договорот за заем за прв програмски заем за развојни политики за конкурентност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

Бр. 07-5335/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРВ ПРОГРАМСКИ ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 38.700.000 евра, наменет за реализација на Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Првиот програмски заем за развојни политики за конкурентност, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 18 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 26 полугодишни рати, на секој 1 февруари и 1 август во годината. Од 1 февруари 2018 година до 1 февруари 2030 година ќе се отплатат 25 полугодишни рати секоја во износ од 3,85% од износот на заемот, додека на 1 август 2030 година ќе се отплати последната рата во износ од 3,75% од износот на заемот.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Член 5

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## LIGJ
## PËR HUAMARRJE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE TE BANKA NDERKOMBETARE PËR RINDERTIM DHE ZHVILLIM-BANKA BOTERORE SIPAS MARREVESHJES PËR HUA PËR HUAN E PARË PROGRAMORE PËR POLITIKA ZHVILLIMORE PËR KONKURRENCË

Neni 1

Republika e Maqedonise merr hua te Banka Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Banka Boterore në shume prej 38 700 000 euro, të dedikuar për realizimin e Huas së pare programore për politika zhvillimore për konkurrence.

Neni 2

Kushtet dhe menyra e shfrytezimit të huas nga neni 1 i ketij ligji, percaktohen me Marreveshje për hua për Huan e pare programore për politika zhvillimore për konkurrence, që do të lidhet ndermjet Republikes së Maqedonise dhe Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore.

Në emer të Republikes së Maqedonise Marreveshjen për hua nga paragrafi 1 i ketij neni, do ta nenshkruaje ministri i Financave apo personi i autorizuar prej tij.

Neni 3

Afati i pageses së huas nga neni 1 i ketij ligji eshte 18 vjet, me grejs periudhe të perfshire prej pese vitesh.

Shkalla e kamates eshte EURIBOR gjashtemujor me shtrirje variabile.

Në diten e terheqjes së mjeteve të huas, Republika e Maqedonise do t'i paguaje Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore provizion të njehershem në shume prej 0,25% nga shuma e huas.

Huaja do të paguhet në 26 keste gjysmevjetore, në çdo 1 shkurt dhe 1 gusht të vitit. Nga 1 shkurti 2018 deri më 1 shkurt 2030 do të paguhen 25 keste gjysmevjetore, secili në shume prej 3,85% nga shuma e huas, ndersa më 1 gusht 2030 do të paguhet kesti i fundit në shume prej 3,75% nga shuma e huas.

Neni 4

Shfrytezues i mjeteve të huas nga neni 1 i ketij ligji eshte Ministria e Financave.

Neni 5

Republika e Maqedonise huan nga neni 1 i ketij ligji do ta paguaje nga Buxheti i Republikes së Maqedonise.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në diten e botimit në “Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**4022.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

Бр. 07-5336/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2013 година (во натамошниот текст: Буџетот) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 3

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Член 4

Буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

Член 5

Техниката на наплата на приходите, извршувањето на расходите и управувањето со ликвидноста се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 6

Буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Трезорот при Министерството за финансии ќе доставаат годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да доставаат извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на годишниот финансиски план, по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да се достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт можат да достават барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога Владата на Република Македонија одобрува средства од Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

Член 7

Исплатата на плати на буџетските корисници од централната власт и единките корисници ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од централната власт и единките корисници се задолжени два дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат образецот МБП, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образецот Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 8

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од ставот 1 на овој член кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

Член 9

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан, согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 10

Одредбите од членовите 8 и 9 од овој закон се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 11

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуствува од работа по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот не се исплатува.

Член 12

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 13

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 14

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 15

Во случај на смрт на вработениот на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 16

Буџетските корисници правата стекнати по основ на членовите 8, 9, 12, 13, 14 и 15 од овој закон ги исплаќаат од одобрените средства со Буџетот.

Член 17

Буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот, јавните претпријатија, агенциите и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува субјектите од ставот 1 на овој член за обезбедените финансиски средства за бараните вработувања.

## 2.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 18

Средствата утврдени во Разделот 040.01 - Влада на Република Македонија потпрограма 10 - Администрација ставка 463 - Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата.

Здруженијата на граѓани и фондации до Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Член 19

Средствата утврдени во Разделот 040.02 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија потпрограма 1А - Реконструкција на згради на владини органи се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 20

Средствата утврдени во Разделот 040.10 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор потпрограма К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците ќе се користат за вработување на припадници на заедниците кај буџетските корисници и единките корисници од централната власт, по претходно одобрение на Координативното тело за соодветна и правична застапеност формирано од Владата на Република Македонија.

Средствата утврдени во Разделот 040.10 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор потпрограма 21 - Промоција на меѓуетнички односи на ставката 463 - Трансфери до невладини организации, кои се наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со цел за промовирање на меѓуетнички односи, ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Член 21

Во Разделот 090.02 - Министерството за финансии - Функции на државата потпрограма 20 - Функции ставка 426 - Други тековни расходи се обезбедуваат средства за плаќање на провизии за платен промет и за извршени услуги, надоместоци за комисии и други трошоци.

Член 22

Средствата утврдени во Разделот 090.02 - Министерство за финансии -Функции на државата потпрограма 20 - Функции категории 45 - Каматни плаќања и 49 - Отплата на главнина, за отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг, како и средствата утврдени во потпрограмата 20 - Функции ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства наменети за плаќање на гаранции на државата согласно со одредбите од склучените договори, како и краткорочните позајмици кои се враќаат до крајот на фискалната година, се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 23

Средствата за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средства од ЕУ) индикативно се планирани во Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, освен средствата за национално кофинансирање на петтата компонента од ИПА - Рурален развој кои се планирани во Разделот 140.04 - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

При ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија согласно со интерните процедури на Министерството за финансии.

При извршување на Буџетот приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од одделните компоненти од ИПА.

Член 24

Во Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата потпрограма 20 - Функции ставка 465 - Исплата по извршни исправи се обезбедуваат средства за плаќање на извршни исправи. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 25

Во Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата потпрограма 20 - Функции ставка 480 - Купување на опрема и машини се обезбедуваат и средства за плаќање на данок на додадена вредност и акцизи за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од ставот 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 26

Средствата утврдени во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски потпрограма 20 - Сообраќај и комуникации ставка 464 - Разни трансфери се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски потпрограма 3А - Каскадни прегради на реката Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС се користат по претходно донесена одлука од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се користат по донесена годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура од Владата на Република Македонија, на предлог на управителот на инфраструктура.

Средствата утврдени во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, планирани во ставката 461 - Субвенции за јавни претпријатија, се користат согласно со донесена одлука од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски потпрограма 3Б - Водовод и канализација за општините ставка 425 - Договорни услуги и ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината и истите се рефундираат од сметката за кредит и сметката за донации за истата намена во Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски.

Доколку до крајот на октомври во тековната година не се изврши рефундирање на средствата од ставот 5 на овој член Трезорот, по службена должност, врши пренамена на средства од Буџетот на Разделот 130.01 - Министерство за транспорт и врски од сите ставки и програми.

Член 27

Средствата утврдени во Разделот 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство потпрограма 51 - Заштита на растенија ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата утврдени во Разделот 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство потпрограма 6Г - Програма за наводнување на јужната долина на Вардар ставка 482 - Други градежни објекти се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината и истите се рефундираат од сметката за кредит за истата намена во Разделот 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку до крајот на октомври во тековната година не се изврши рефундирање на средствата од ставот 2 на овој член Трезорот по службена должност врши пренамена на средства од Буџетот на Разделот 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство од сите ставки и програми.

Член 28

Средствата утврдени во Разделот 140.04 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделието ставка 464 - Разни трансфери, како и средствата утврдени во потпрограмата 2А - Финансиска поддршка на рурален развој ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 29

Средствата утврдени во Разделот 140.05 - Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија потпрограма 20 - Ветерина и безбедност на храна ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија.

Член 30

Средствата утврдени во Разделот 150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 10 - Администрација ставка 463 - Трансфери до невладини организации ќе се користат со одлука на Владата на Република Македонија за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженијата на граѓани за борба против семејното насилство и Црвениот крст на Република Македонија, согласно со Законот за игри на среќа.

Член 31

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Разделот 150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 50 - Надоместоци за социјална заштита ставка 471 - Социјални надоместоци ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и комплетирана документација од страна на центрите за социјална работа.

Член 32

Средствата за исплата на детски и родителски додаток утврдени во Разделот 150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита ставка 471 - Социјални надоместоци ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и комплетирана документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Член 33

Средствата утврдени во Разделот 15001 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма БА - Поттикнување на вработувањето ставка 401 - Основни плати и ставка 402 - Придонеси за социјално осигурување ќе се користат за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа, кај буџетските корисници и единките корисници од централната власт, по претходно одобрение на Координативно тело за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа формирано од Владата на Република Македонија.

Член 34

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основ на пензиско и инвалидско осигурување, утврдени со закон, во Разделот 150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 60 - Поддршка на социјални фондови ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за труд и социјална политика.

Член 35

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основ на капитално финансирано пензиско осигурување, утврдени со закон, во Разделот

150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 61 - Транзициони трошоци по основ на пензиска реформа ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за труд и социјална политика.

Член 36

Средствата за извршување на обврските на Агенцијата за вработување на Република Македонија утврдени во Разделот 150.01 - Министерство за труд и социјална политика потпрограма 60 - Поддршка на социјални фондови ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување ќе се користат преку Агенцијата за вработување на Република Македонија, по претходно доставена пресметка од Агенцијата до Министерството за труд и социјална политика.

Член 37

Средствата утврдени во Разделот 090.02 - Министерство за финансии -Функции на државата потпрограма 20 - Функции ставка 433 - Трансфери до Фондот за здравствено осигурување ќе се користат врз основа на претходно доставена пресметка од Фондот за здравствено осигурување на Македонија до Министерството за финансии.

Член 38

Буџетските корисници на централниот буџет при прераспределба на средства во рамките на одобрените буџети, а кои се однесуваат на зголемување или намалување на расходните ставки 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ, 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување и 433 -Трансфери до Фондот за здравствено осигурување, мораат соодветно да обезбедат и прераспределба на средствата утврдени во буџетите на фондовите.

Член 39

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај со образложение за висината и намената на искористените средства од членовите 34, 35, 36 и 37 од овој закон, како и образложение за преземените и планирани мерки за зголемување на наплатата на даночните и неданочните приходи во нивна надлежност и предлози за намалување на трансферите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 40

Средствата утврдени во Разделот 160.01 - Министерство за образование и наука потпрограма ТА - Изградба на основни училишта и ТБ - Реконструкција на основни училишта се користат по претходно донесена програма за изградба и реконструкција на основни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Разделот 160.01 - Министерство за образование и наука потпрограма ТГ - Изградба на средни училишта и ТД - Реконструкција на средни училишта се користат по претходно донесена програма за изградба и реконструкција на средни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Разделот 160.01 - Министерство за образование и наука потпрограма 50 - Ученички стандард, потпрограма ТИ - Реконструкција на ученички домови, потпрограма 60- Студентски стандард и потпрограма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздеот 160.01 - Министерство за образование и наука потпрограма 71 - Научно-истражувачка работа, со исклучок на средствата утврдени во категоријата 48 - Капитални расходи, се користат по претходно донесена програма за научно-истражувачка дејност од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Член 41

Средствата утврдени во Разделот 161.01 - Агенција за млади и спорт потпрограма 20 - Спорт ставка 463 - Трансфери до невладини организации се користат за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови, согласно со Законот за игри на среќа.

Распределбата на средствата од ставот 1 на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт.

Средствата утврдени во Разделот 161.01 - Агенција за млади и спорт потпрограма 40 - Меѓународен програм ставка 463 - Трансфери до невладини организации се користат по претходно донесена програма за развој на спорт и млади од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за млади и спорт.

Член 42

Средствата утврдени во Раздел 190.01 - Министерство за здравство потпрограми 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68 и 69 се кори-

стат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Член 43

Средствата утврдени во Разделот 191.01 - Министерство за локална самоуправа потпрограма ОА - Рамномерен регионален развој ставка 464 - Разни трансфери се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за локална самоуправа.

Член 44

Средствата утврдени во Разделот 280.01 - Биро за регионален развој потпрограма ОА - Рамномерен регионален развој ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Бирото за регионален развој.

Член 45

Средствата утврдени во Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата потпрограма А0 - Децентрализација ставка 441 - Дотации од ДДВ се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредба донесена од Владата на Република Македонија.

Член 46

Средствата од Буџетот на Република Македонија за наменски и блок дотации се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредби донесени од Владата на Република Македонија, а за финансирање на пренесените надлежности, во динамика усогласена со Министерството за финансии.

Член 47

Буџетските корисници кои се обврзани да изготват програми за користење на средства од Буџетот, се должни до Владата на Република Македонија да ги достават истите во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Буџетот во “Службен весник на Република Македонија“.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите од ставот 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на доставувањето од страна на буџетските корисници.

Буџетските корисници до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 48

Поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи по кои не е настанато правно дејство.

Пренасочување на приходи кои му припаѓаат на Буџетот се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите од ставовите 1 и 2, освен приходите од ставовите 4, 5 и 6 на овој член, се врши со решение на министерот за финансии. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Управата за јавни приходи се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Царинската управа се врши со решение на директорот на Царинската управа. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходи кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки се врши со решение на функционерот кој раководи со органот. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето од овој член го пропишува министерот за финансии.

## 3. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ, ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ

Член 49

Средствата утврдени во Разделот 090.04 - Агенција за стоковни резерви потпрограма 20 - Управување со стоковни резерви ставка 484 - Стратешки стоки и дру-

ги резерви се користат по претходно донесена програма за формирање на стоковните резерви за 2013 година од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за стоковни резерви.

Член 50

(3) Planet strategjike të shfrytezuesve buxhetore jane pjese perberese e kerkeses buxhetore të shfrytezuesit buxhetor që dorezohet në Ministrine e Financave në menyre të percaktuar në nenin 22 paragarfi (4) të ketij ligji.

(4) Nese shfrytezuesit buxhetore nuk i perpilojne dhe dorezojne planet strategjike në pajtim me paragrafet (2) dhe (3) të ketij neni, do të konsiderohet se nuk eshte e kompletuar kerkesa buxhetore e shfrytezuesit buxhetor dhe e njejta me sugjerime do t'i kthehet në perpilim plotesues shfrytezuesit buxhetor në afatin e percaktuar nga Ministria e Financave.

(5) Nese shfrytezuesit buxhetore nuk veprojne sipas sugjerimeve të Ministrise së Financave nga paragrafi (4) i ketij neni, do të konsiderohet sikur nuk kane dorezuar fare kerkese buxhetore dhe Ministria e Financave në emer të tyre perpilon propozim-buxhet."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise", ndersa do të zbatohet nga 1 janari 2013.

---

**4024.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ДОЈЧЕ БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ОБЕЗБЕДЕН СО ГАРАНЦИЈА ЗАСНОВАНА НА ПОЛИТИКИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Дојче банка по Договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-5352/1 | Претседател |
| 28 декември 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Ѓорге Иванов,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ДОЈЧЕ БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ОБЕЗБЕДЕН СО ГАРАНЦИЈА ЗАСНОВАНА НА ПОЛИТИКИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Дојче банка со заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во износ од 250.000.000 евра.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем обезбеден со гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија, Дојче банка и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Условите и начинот на активирање на гаранцијата од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија Договорот за гаранција од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплати на две рати од кои првата рата во износ од 95.000.000 евра ќе биде отплатена на денот на достасувањето кој паѓа пет години од денот на повлекувањето на средствата на заемот, додека втората рата во износ од 155.000.000 евра ќе биде отплатена на денот на достасувањето кој паѓа седум години од денот на повлекувањето на средствата.

Каматната стапка ќе се утврди како фиксна каматна стапка два дена пред денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, а ќе се пресмета како збир од аритметичката средина од петгодишниот и седумгодишниот своп (за евро валута) плус маргина во износ од 2,75%. Каматниот трошок ќе се отплаќа полугодишно.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на дадената гаранција и еднократна провизија во износ од 0,5% годишно од износот на гаранцијата, пресметана по дисконтирана вредност за времетраење на гаранцијата.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, Република Македонија ќе и плати на Дојче банка еднократна провизија во износ од 1,50% од вредноста на заемот.

Член 5

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Член 6

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR HUAMARRJE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE TE DOJCE BANKA SIPAS MARREVESHJES PËR HUA TË SIGURUAR ME GARANCI TË BAZUAR NË POLITIKA TË BANKES NDERKOMBETARE PËR RINDERTIM DHE ZHVILLIM-BANKES BOTERORE

Neni 1

Republika e Maqedonise merr hua te Dojce Banka të siguruar me garanci të bazuar në politika të Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore në shume prej 250 000 000 euro.

Neni 2

Kushtet dhe menyra e shfrytezimit të huas nga neni 1 i ketij ligji, percaktohen me Marreveshje për hua të siguruar me garanci që do të lidhet ndermjet Republikes së Maqedonise, Dojce Bankes dhe Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore.

Në emer të Republikes së Maqedonise, Marreveshjen për hua nga paragrafi 1 i ketij neni, do ta nenshkruaje ministri i Financave.

Neni 3

Kushtet dhe menyra e aktivizimit të garancise nga neni 1 i ketij ligji, percaktohen me Marreveshje për garanci që do të lidhet ndermjet Republikes së Maqedonise dhe Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore.

Në emer të Republikes së Maqedonise, Marreveshjen për garanci nga paragrafi 1 i ketij neni do ta nenshkruaje ministri i Financave.

Neni 4

Huaja nga neni 1 i ketij ligji do të paguhet në dy keste, nga të cilat kesti i pare në shume prej 95 000 000 euro do të paguhet në diten e maturimit që bie pese vite nga dita e terheqjes së mjeteve të huas, ndersa kesti i dyte në shume prej 115 000 000 euro do të paguhet në diten e maturimit që bie shtate vite nga dita e terheqjes së mjeteve.

Shkalla e kamates do të percaktohet si shkalle fikse e kamates dy dite para dites së terheqjes së mjeteve të huas nga neni 1 i ketij ligji, e do të llogaritet si shume e mesit aritmetik të svopit pesevjecar dhe shtatevjecar (për valute euro) plus margjina në shume prej 2,75%. Shpenzimet e kamates do të paguhen në gjysmevjetor.

Në diten e terheqjes së mjeteve të huas nga neni 1 i ketij ligji, Republika e Maqedonise do t'i paguaje Bankes Nderkombetare për Rindertim dhe Zhvillim-Bankes Boterore provizion të njehershem në shume prej 0,25% të shumes së garancise së dhene dhe provizion të njehershem në shume prej 0,5% në vit të shumes së garancise së dhene, të llogaritur me vlere diskontimi për kohezgjatjen e garancise.

Në diten e terheqjes së mjeteve të huas nga neni 1 i ketij ligji, Republika e Maqedonise do t'i paguaje Dojce Bankes provizion të njehershem në shume prej 1,50% të shumes së huas.

Neni 5

Shfrytezues i mjeteve të huas nga neni 1 i ketij ligji eshte Ministria e Financave.

Neni 6

Republika e Maqedonise huan nga neni 1 i ketij ligji do ta paguaje nga Buxheti i Republikes së Maqedonise.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në diten e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**4025.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување на Царинскиот закон,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

Бр. 07-5353/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН**

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" број 11/12), во членовите 3 и 4 датата „од 1 јануари 2013 година" се заменува со датата „од 1 јануари 2014 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT DOGANOR**

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotesimin e Ligjit doganor ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 11/12), në nenet 3 dhe 4 data "nga 1 janari 2013" zevendesohet me daten "nga 1 janari 2014".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në diten e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**4026.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

Бр. 07-5354/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ**

Член 1

Во Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" број 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), во членот 7 став (2) зборовите: "и електронските" се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето."

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 74/12), во членот 63 став (1) зборовите: „една година" се заменуваат со зборовите: „две години".

Член 3

Трговското друштво за приредување на игри на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина е должно да започне да ги приредува електронските игри на среќа заедно со друг приредувач во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR LOJERA TË FATIT DHE PËR LOJERA ARGETUESE**

Neni 1

Në Ligjin për lojera të fatit dhe për lojera argetuese ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 24/11, 51/11, 148/11 dhe 74/12) në nenin 7 paragrafi (2) fjalet: "dhe elektronike" shlyhen.

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Lojerat e fatit elektronike dhe të internetit organizohen nga shoqeria tregtare nga paragrafi (2) i ketij neni, vete apo bashke me organizatore tjere, me ç'rast pa marre parasysh formen e bashkimit kjo shoqeri tregtare duhet të kete së paku 51% pjesemarrje në kapitalin dhe në të drejten e vendimmarrjes në bashkim".

Neni 2

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotesimin e Ligjit për lojera të fatit dhe për lojera argetuese (“Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise” numer 74/12), në nenin 63 paragrafi (1) fjalet: “një viti” zevendesohen me fjalet: “dy vitesh”.

Neni 3

Shoqeria tregtare për organizimin e lojerave të fatit në të cilen Republika e Maqedonise eshte bashkepronar apo aksionar me së paku 51% të kryegjese baze, detyrohet që të filloje t’i organizoje lojerat elektronike të fatit bashke me organizatore tjeter në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi diten e botimit në “Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise”.

---

**4027.**

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11 и 151/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНА ОПЕРАЦИЈА ВО АВГАНИСТАН ВО СОСТАВ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СИЛИ ЗА БЕЗБЕДНОСНА ПОДДРШКА НА АВГАНИСТАН - ИСАФ**

1. За учество во мировната операција во состав на Меѓународните сили за безбедносна поддршка на Авганистан - ИСАФ, се испраќаат припадници на Армијата на Република Македонија, и тоа:

- една механизирана пешадиска чета во состав од 150 припадници на Армијата на Република Македонија за обезбедување на командата на ИСАФ,
- двајца штабни офицери на Армијата на Република Македонија за работа во командите на ИСАФ и
- пет припадници на Армијата на Република Македонија во состав на Наменските сили за партнерство и советување (НСПС) за подршка на третата бригада од 209-от корпус на Авганистанската национална армија.

2. Припадниците на Армијата на Република Македонија од точката 1 на оваа одлука се упатуваат сметано од јануари 2013 до јули 2013 (прва годишна ротација) и јули 2013 до јануари 2014 година (втора годишна ротација).

3. Финансиските трошоци за припадниците на Армијата на Република Македонија за транспорт во мировната операција ги обезбедува НАТО ( стратешки партнер/земја контрибутор), додека трошоците за плати, надоместоци, придонеси и логистички трошоци ги обезбедува Република Македонија.

4. Подготовките и организацијата на учесниците во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана, односно Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5331/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**4028.**

Врз основа на член 84 алинеја петта и Амандманот XXII а во согласност со Амандманот XXVIII ставови 6 и 7 од Уставот на Република Македонија и членот 6 став 1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 60/2006,69/2006,150/10 и 100/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I.За член на Судскиот совет на Република Македонија е избран

Беким Реџепи, дипломиран правник од Скопје, со положен правосуден испит.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5332/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4029.**

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006, 63/2007, 24/2011, 51/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ И НЕХАРМОНИЗИРАНИ ПРОПИСИ, ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ И СТАНДАРДИ ([1])

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се уредува постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди.

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1.„производ" е секој индустриски произведен производ и секој земјоделски производ, вклучувајќи и производи од риба ;

2. „услуга" е секоја услуга на информатичкото општество, со други зборови, секоја услуга која вообичаено се обезбедува за надомест на далечина, по електронски пат и на поединечно барање на корисникот на услугите. Оваа услуга не се однесува на услугите за радиоемитување и телевизиско емитување.

За целите на оваа дефиниција :

- „на далечина" значи дека услугата се обезбедува без истовремено страните да бидат присутни;

- „ по електронски пат" значи дека услугата почетно се испраќа и се прима на своето одредиште по пат на електронска опрема за обработка (вклучувајќи ја и дигиталната компресија) и чување на податоци и целосно испратена, пренесена и примена преку жица, радио, оптички средства или други електромагнетски средства;

- „на поединечно барање на корисникот на услугите" значи дека услугата се обезбедува преку пренос на податоци на поединечно барање.

Списокот на услуги кои не се опфатени со оваа дефиниција е даден во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба.

3. „правило на услуги", е барање од општа природа кое се однесува на активностите за започнување и извршување на услугите во смисла на точка 2 од овој став , особено одредбите кои се однесуваат на давателот на услуги, на услугите и на корисникот на услугите, со исклучок на сите правила кои не се посебно наменети за услугите што се дефинирани во точка 2 од овој став и Прилог 3 од оваа уредба .

Оваа дефиниција не се однесува на правилата кои се утврдени во прописите од областа на финансиските услуги, телекомуникациски услуги и за други пазари или тела за вршење на функции за расчистување или порамнување за овие пазари.

За целите на оваа дефиниција:

- се смета дека едно правило е посебно наменето за услуги на информатичкото општество во случај кога, имајќи го предвид неговиот опис на причините и неговиот оперативен дел, посебната цел и предмет на сите или некои од неговите поединечни одредби е да ги уреди овие услуги на јасен и наменски начин; и

- се смета дека едно правило не е посебно наменето кон услугите на информатичкото општество ако се однесува на овие услуги само индиректно или случајно.

4.„техничка спецификација" е спецификација што се содржи во документ кој ги утврдува потребните карактеристики на еден производ, како што се нивото на квалитет, перформансите, безбедноста или димензиите, вклучувајќи ги и барањата што се применуваат на производот во однос на името под кој производот се продава, терминологијата, симболите, тестирањето и методите на тестирање, пакувањето, означувањето или ставањето етикети и постапките за оцена на сообразноста, како и методите за производство и процесите во врска со други производи, каде што овие имаат ефект врз нивните карактеристики.

5. „други барања" се барања кои се различни од техничката спецификација, а се наметнати на еден производ со цел да се заштитат, особено, потрошувачите или животната средина, и кои влијаат на неговиот животен циклус откако е пуштен на пазарот, како што се условите за користење, за рециклирање, за повторна употреба или за фрлање, кога тие услови значително влијаат на составот и на природата на производот или на неговото рекламирање.

6. „стандард" е техничка спецификација одобрена од признато тело за стандардизација за повторлива или за постојана примена, со која усогласувањето не е задолжително и која е една од следниве:

- меѓународен стандард е стандард донесен од меѓународна организација за стандардизација и ставен на располагање на јавноста;

- европски стандард е стандард донесен од Европско тело за стандардизација и ставен на располагање на јавноста;

- национален стандард е стандард донесен од Институтот за стандардизација на Република Македонија и ставен на располагање на јавноста;

7. „програма за стандарди" е работна програма на признато тело за стандардизација со листа на предмети од стандардизација за извршување;

8. „нацрт стандард„ е документ кој го содржи текстот од техничката спецификација што се однесува на даден предмет, кој е на разгледување за усвојување во согласност со постапката за усвојување на стандарди, како и документ кој е во истата форма на подготовка и доставен за јавно мислење или критика;

9. „Европско тело за стандардизација" е тело за стандардизација наведено во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба ;

10. „национално тело за стандардизација" е тело за стандардизација наведено во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба;

11. „технички пропис" се технички спецификации и други барања или правила на услуги, вклучувајќи и релевантни административни одредби, чие следење е задолжително de jure или de facto, во случај на маркетинг, обезбедување на услуга, формирање на оператор за услуги или во употреба во Република Македонија и земја – членка на Европската унија (во натамошниот текст: земја-членка), како што се закони, подзаконски прописи или административни одредби во Република Македонија и земјите-членки, освен оние што се предвидени со членот 16 на оваа уредба, со кои се забранува производство, увоз, маркетинг или употреба на производ или се забранува употребата на услугата, како и формирање на давател на услуги;

De facto техничките прописи вклучуваат:

---

[1] (*) Со оваа уредба се врши усогласување со :
-Директива 98/34/EC на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на постапката за обезбедување информации од областа на техничките стандарди и прописи - CELEX бр.31998L0034; и
-Директива 98/48/EC на Европскиот парламент и на Советот за изменување и дополнување на Директивата 98/34/EC со која се утврдува постапката за обезбедување информации од областа на техничките стандарди и прописи - CELEX бр.31998L0048;

- закони, подзаконски прописи или административни одредби во Република Македонија и земја-членка што се однесуваат на техничките спецификации или на други барања или на правила на услуги, или на професионалните кодекси или на кодексите на пракса кои важат за техничките спецификации или за други барања или на правилата на услуги согласно со кои се стекнува оцена за сообразност со обврски дадени во споменатите закони, регулативи или административни одредби,

- доброволни договори, каде што државните органи се една од договорните страни, кои обезбедуваат за општ интерес, усогласеност со техничките спецификации или други барања, исклучувајќи ги спецификациите за тендери за јавни набавки,

- технички спецификации или други барања или правила на услуги што се поврзани со фискални или со финансиски мерки кои влијаат на потрошувачката на производите или услугите, поттикнувајќи ја усогласеноста со овие технички спецификации, или други барања, или правила на услуги, техничките спецификации или другите барања, или правилата на услуги што се поврзани со националниот систем за социјално осигурување, се исклучени;

12. „нацрт технички пропис“ е текст од техничката спецификација или друго барање или од правило на услуги, вклучувајќи ги административните одредби, формулиран со цел да се усвои или да се донесе како технички пропис, додека текстот е во фаза на изготвување во која се уште можат да бидат направени значителни изменувања и дополнувања.

## II. ПОСТАПКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ И НЕХАРМОНИЗИРАНИ ПРОПИСИ,ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ И СТАНДАРДИ

### 1. Известување за донесување на технички и нехармонизирани прописи

Член 3

Државните органи кои подготвуваат технички прописи имаат обврска за тие прописи да ја известат Европската комисија преку контактната точка – Министерството за економија.

Известувањето од став 1 на овој член, треба особено да содржи:

1. податоци за државниот орган доносител на техничкиот пропис;

2. податоци за лицето определено да контактира со Министерството за економија;

3. правна основа за подготвување на техничкиот пропис;4. податоци за производите и правилата на услугите опфатени со техничкиот пропис кој се подготвува;

5. цели и причини за подготвување на техничкиот пропис;

6. податоци за меѓународните прописи или документи на кои техничкиот пропис се темели или кои се применуваат на истите производи; и

7. причини за секое отстапување од меѓународните прописи или документи.

Известувањето од став 1 на овој член, државните органи треба да го достават до Министерството за економија во писмена форма заедно со техничкиот пропис кој го подготвуваат.

Известувањето од став 2 на овој член, нема доверлив карактер, освен во случај кога изрично тоа го бара надлежниот државен орган за што дава образложение согласно прописите за класифицирани информации.

Член 4

Министерството за економија треба да одлучи за потребата од проследување на добиеното известување до Европската комисија. При одлучувањето Министерството за економија ќе се придржува кон постапката утврдена со одредбите на оваа уредба и оценката и образложението на надлежниот државен орган по ова прашање.

Министерството за економија е должно веднаш да го достави позитивно оценетото известување до Европската Комисија преку систем за информирање на технички прописи (Technical Regulations Information System – TRIS).

За спроведеното известување од став 2 на овој член, Министерството за економија треба да го информира и надлежниот државен орган.

Член 5

Одредбите на член 3 од оваа уредба не се применуваат, ако со нацртот на техничкиот пропис се транспонира целиот текст од еден меѓународен или Европски стандард.

Во случајот од став 1 на овој член доволна е само информација што упатува на релевантниот стандард.

Член 6

Покрај известувањето од член 3 на оваа уредба, каде што е соодветно и доколку не е веќе испратено со тоа известување, државните органи истовремено ги доставуваат и текстовите од основните закони или од подзаконските прописи на кои главно и директно се однесува техничкиот пропис, ако е потребна консултација на тие текстови за да се проценат последиците од нацртот на техничкиот пропис.

Член 7

Државните органи повторно го доставуваат нацртот на техничкиот пропис до Европската комисија согласно постапката утврдена во членот 3 на оваа уредба, ако постојат значајни измени на нацртот што значи особено менување на содржината на текстот, ако распоредот првично предвиден за спроведување се скратува, ако се додадени дополнителни спецификации или барања или ако постапката е направена да биде порестриктивна.

Член 8

Ако со нацртот на техничкиот пропис се предвидува ограничување на рекламирањето или употребата на некое хемиско соединение, на подготовката или на производот врз основа на заштитата на здравјето на луѓето или на потрошувачите или на животната средина, од страна на надлежниот државен орган се доставува до Европската комисија преглед или референции за сите релевантни податоци познати во врска со соединението, со подготовката или со производот, како и за замените што се на располагање, кога таа информација е достапна.

Покрај информациите од став 1 на овој член, од страна на надлежниот државен орган до Европската комисија се доставува и образложение за предвидените ефекти од нацртот на техничкиот пропис врз здравјето на луѓето и на заштитата на потрошувачите и на животната средина, заедно со анализа на ризикот кој се смета за соодветен во согласност со прописите и со општите принципи за процена на ризикот од постојни и нови хемиски соединенија.

Член 9

Ако Европската комисија и земјите - членки достават забелешки на нацртот на техничкиот пропис, надлежниот државен орган треба да ги земе во предвид тие забелешки доколку се прифатливи во понатамошното подготвување на техничкиот пропис.

Надлежниот државен орган треба преку контактната точка – Министерството за економија веднаш до Европската комисија да го достави конечниот текст на техничкиот пропис.

Член 10

Кога нацртот на техничкиот пропис е предмет на известување до Европската комисија во подготвителната фаза врз основа на друг акт на Европската унија, тогаш надлежниот државен орган може да достави известување во смисла на член 3 од оваа уредба врз основа на тој акт, под услов задолжително да наведе дека тоа известување претставува и известување за целите на оваа уредба.

Член 11

Државните органи треба да го одложат донесувањето на нацртот на техничкиот пропис за три месеци од денот на приемот на известувањето од член 3 на оваа уредба од страна на Европската комисија.

Член 12

Ако Европската комисија или некоја земја – членка поднесе, во периодот од три месеци од денот на приемот на известувањето од член 3 на оваа уредба од страна на Европската комисија, детално мислење во смисла дека предвидената мерка може да создаде пречки во слободното движење на производите во рамките на внатрешниот пазар или во правилата на услугите, слободното движење на услуги или слободата за право на формирање на услужен оператор, а не се од фискален или финансиски аспект на оваа мерка, надлежниот државен орган треба да го одложи:

- на четири месеци донесувањето на нацртот на техничкиот пропис во форма на доброволен договор во смисла на член 2 став 1 точка 11 алинеја 2 од оваа уредба; или

- на шест месеци донесувањето на кој било друг нацрт на технички пропис, без да е во спротивност со член 13 од оваа уредба.

Во случајот од став 1 на овој член, надлежниот државен орган треба преку контактната точка – Министерството за економија да поднесе извештај до Европската комисија за дејствијата што предлага да ги преземе врз основа на добиените детални мислења.

Член 13

Државните органи треба да го одложат донесувањето на техничкиот пропис за 12 месеци од денот на приемот на известувањето наведено во член 3 на оваа уредба од страна на Европската комисија, ако во периодот од три месеци од тој ден, Европската комисија ги објави:

- своите намери да предложи или да донесе директива, регулатива или одлука во истата област во согласност со Договорот за функционирање на Европската Унија, или

- своите наводи дека нацртот на техничкиот пропис се однесува на материја која е опфатена со предлогот на директива, регулатива или одлука доставена до Советот на Европската Унија во согласност со Договорот за функционирање на Европската Унија.

Ако Советот на Европската унија донесе заеднички став за време на периодот на мирување од став 1 на овој член, тој период се продолжува за 18 месеци и врз истиот се применуваат одредбите од член 14 на оваа уредба.

Член 14

Обврската за одложување од донесувањето на техничкиот пропис од член 13 став 1 од оваа уредба престанува кога:

- Европската комисија ќе ја извести Република Македонија дека веќе нема намера да предложи или да донесе обврзувачки акт на Европската унија од член 13 став 1 алинеја 1 на оваа уредба;

- Европската комисија ќе ја извести Република Македонија за повлекувањето на нејзиниот нацрт или предлог; и

- Европската комисија или Советот на Европската Унија ќе донесе обврзувачки акт на Европската унија.

Член 15

Одредбите на членовите 11, 12 и 13 од оваа уредба не се применуваат во случаи кога:

- поради итни причини предизвикани од сериозни и непредвидливи околности поврзани со заштитата на здравјето на луѓето или на јавната безбедност, заштитата на животните или на растенијата и за правилата на услуги, исто така и за јавниот интерес, особено заштитата на малолетните лица, надлежниот државен орган треба да подготви технички прописи во многу краток временски период за да ги донесе и да ги спроведе веднаш, без можност за какви било консултации, или

- поради итни причини предизвикани од сериозни околности во врска со заштитата на безбедноста и интегритетот на финансискиот систем , пред се заштитата на депонентите, инвеститорите и на осигурените лица, надлежниот државен орган треба веднаш да усвои и да спроведе правила за финансиските услуги.

Во известувањето од член 3 на оваа уредба, надлежниот државен орган ја образложува итноста на преземените мерки од став 1 алинеи 1 и 2 на овој член.

Член 16

Одредбите на членовите од 3 до 15 на оваа уредба не се применуваат на закони, подзаконски прописи или административни прописи или на доброволните договори со кои државните органи:

- се усогласуваат со обврзувачките акти на Европската унија, кои резултираат со донесување на технички спецификации и правила на услуги,

- ги исполнуваат обврските што произлегуваат од меѓународните договори, кои резултираат со донесување на технички спецификации или правила на услуги во Европската унија,

- ги користат заштитните клаузули предвидени во обврзувачките акти на Европската унија,

- го применуваат членот 18 од Законот за безбедност на производите,

- се ограничуваат себеси на спроведување на некоја пресуда од Судот на правдата на Европската унија,

- се ограничувачки при изготвување на изменување и дополнување на посебен технички пропис во смисла на член 2 став 1 точка 11 од оваа уредба, во согласност со барањето на Европската комисија, поради отстранување одредена пречка во трговијата или, во случај на правилата за услуги, за слободно движење на услуги или за слободата на право за основање на оператори за услуги.

Одредбите на членовите од 11,12,13,14 и 15 на оваа уредба не се применуваат на закони, подзаконски прописи или административни прописи со кои државните органи забрануваат производство, ако со тоа не го попречуваат слободното движење на производите.

Одредбите на членовите 13 и 14 од оваа уредба не се применуваат на доброволните договори наведени во член 2 став 1 точка 11 алинеја 2 од оваа уредба.

Одредбите на членовите од 11,12,13,14 и 15 на оваа уредба не се применуваат на техничките спецификации или на другите барања или на правилата на услугите наведени во член 2 став 1 точка 11 алинеја 3 од оваа уредба.

Член 17

Техничките прописи кои ја поминале постапката за известување утврдена со одредбите на оваа уредба, треба да содржат образложение во кое се дава објаснување дека техничкиот пропис е донесен согласно одредбите на оваа уредба и истото се објавува во прилог на техничкиот пропис во „Службен весник на Република Македонија”.

Член 18

Одредбите на членовите од 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15,16 и 17 на оваа уредба ќе се применуваат за известување на Европската комисија за донесување на нехармонизираните прописи.

**2. Известување за донесување на технички спецификации и стандарди**

Член 19

Европската комисија и телата за стандардизација наведени во Прилозите 1 и 2 на оваа уредба (во натамошниот текст: тела за стандардизација), од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија се известуваат за новите предмети вклучени во неговата програма за стандарди, кои се однесуваат на подготвување или на изменување на еден национален стандард, освен ако со нив не се врши идентична или еквивалентна транспозиција на меѓународен или на Европски стандард.

Известувањето од став 1 на овој член треба особено да покажува дали со конкретниот стандард:

- се пренесува меѓународен стандард без да биде еквивалентен;
- тоа ќе биде нов национален стандард; или
- се изменува еден национален стандард.

Член 20

На барање од Европската комисија и од телата за стандардизација, Институтот за стандардизација на Република Македонија треба да ги испраќа сите нацрт стандарди до нив, како и да ги информира за превземените активности врз основа на нивните дадени забелешки во врска со нацрт стандардите.

Член 21

На барање од телата за стандардизација од Прилогот 2 од оваа уредба, Институтот за стандардизација на Република Македонија треба да овозможи нивно пасивно или активно вклучување преку испраќање на набљудувачи во реализацијата на неговите планирани активности со програмата за стандарди.

Член 22

Институтот за стандардизација на Република Македонија треба да овозможи дискусија за неговите предмети за стандардизација утврдени во програмата за стандарди на Европско ниво во согласност со правилата утврдени од страна на Европските тела за стандардизација.

Член 23

Институтот за стандардизација на Република Македонија, треба при подготвувањето и донесувањето на македонските стандарди да го врши согласно постапката за известување утврдена во член 19 од оваа уредба.

Член 24

За време на подготвувањето на Европски стандард или по негово одобрување од страна на Европските тела за стандардизација, Институтот за стандардизација на Република Македонија не треба да презема никакви активности со кои може да се наруши процесот на хармонизација со тој Европски стандард, а особено во таа област да не подготвува и донесува нов или изменет македонски стандард кој целосно не е во согласност со постојниот Европски стандард.

По исклучок од став 1 на овој член, на барање на надлежните државни органи во случај на специфични производи, Институтот за стандардизација на Република Македонија може да подготвува технички спецификации или стандарди со цел за донесување на технички прописи за тие специфични производи.

За техничките прописи од став 2 на овој член се известува Европската комисија согласно постапката утврдена во членовите од 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 на оваа уредба.

Член 25

Одредбите на членовите од 19,20,21,22,23 и 24 на оваа уредба соодветно ќе се применуваат за известувањата од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија и за донесување на техничките спецификации.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Одредбите на оваа уредба ќе се применуваат од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија или со денот на влегувањето во сила на Договорот за оцена на сообразност во ЕУ, освен за одредбите од член 25 на оваа уредба, кои се применуваат со пристапувањето на Институтот за стандардизација на Република Македонија во европските тела за стандардизација.

Член 27

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба , престанува да важи Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/07 и 44/11).

Член 28

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9360/1<br>25 декември 2012 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

Прилог 1

ЕВРОПСКИ ТЕЛА ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

**1. CEN**
European Committee for Standardisation

**2. Cenelelec**
European Committee for Electrotechnical Standardisation

**3. ETSI**
European Telecommunications Standards Institute

Прилог 2

НАЦИОНАЛНИ ТЕЛА ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

**1. АВСТРИЈА**

ASI – Austrian Standards Institute
OVE – Österreichischer Verband für Elektrotechnik

**2. БЕЛГИЈА**

IBN/BIN
Institut belge de normalization
Belgisch Instituut voor Normalisatie

CEB/BEC
Comité électrotechnique belge
Belgisch Elektrotechnisch Comité

**3. БУГАРИЈА**

BDS – Bulgarian Institute for standardization
BIS – Блгарски институт за стандардизациа

**4. ХРВАТСКА**

HZN – Croatian Standards Institute

**5. КИПАР**

CYS – Cyprus Organisation for Standardization

**6. ЧЕШКА РЕПУБЛИКА**

UNMZ – Czech Office for Standards, Metrology and Testing
ČSNI - Cesk‎ý normalizačni institute

**7. ДАНСКА**

DS – Dansk Standard
NTA- Telestyrelsen, National Telecom Agency

**8. ЕСТОНИЈА**

EVS – Eesti Standardikeskus Sideamet

**9. ФИНСКА**

SFS – Suomen standarddisoimisliitto SFS ry
SESKO – Finlands Standardiseringsförbund SFS rf

THK/TFC

Telehallintokeskus
Teleförvaltningscentralen

**10. ФРАНЦИЈА**

AFNOR
Association francaise de normalization

UTE
Union technique de l'électricité – Bureau de normalization aupres de I'AFNOR

**11. ГЕРМАНИЈА**

DIN
Deutsches Institut fur Normung e.V.

DKE Deutsche Kommission Elektrotechnik Elektronik Informationstechnik im DIN und VDE

**12. ГРЦИЈА**

ELOT
Hellenic Organization for Standardization

**13. УНГАРИЈА**

MSZT – Hungarian Standards Institution
Magyar Szabványügyi Testület

**14. ИСЛАНД**

IST – Icelandic Standards

**15. ИРСКА**

NSAI
National standards Authority of Ireland

**16. ИТАЛИЈА**

UNI
Ente nazionale italiano di unificazione

CEI
Comitato elettrotecnico italiano

**17. ЛАТВИЈА**

LVS – Latvian Standards Ltd
Latvijas standarts

**18. ЛИТВАНИЈА**

LST – Lithuanian standards Board
Lietuvos standartizacijos departamentas

**19. ЛУКСЕМБУРГ**

ILNAS – Institut Luxembourgeois de la normalization, de l'accreditation, de la sécurité et qualité des produits et services

**20. МАЛТА**

MCCAA – Malta Competition and Consumer Affairs Authority

**21. ХОЛАНДИЈА**

NNI
Nederlands normalisatie Instituut

NEC
Nederlands Elektrotechnisch Comite

**22. НОРВЕШКА**

SN – Standards Norway
MEK Norsk Elektroteknisk Komite

**23. ПОЛСКА**
PKN – Polish Committee for Standardization

**24. ПОРТУГАЛИЈА**

IPQ
Instituto Portugues da Qualidade

**25. РОМАНИЈА**

ASRO – Romanian Standards Association
Asociatia de Standardizare din Romania

**26. СЛОВАЧКА**

SÜTN – Slovenský ústav technickej normalizacie (Slovak Standards Institute)
SEV Slovak Electrotechnical Committee – SUTN Slovak Standards Institute

**27. СЛОВЕНИЈА**

SIST – Slovenian Institute for Standardization
Slovenski inštitut za standardizacijo

**28. ШПАНИЈА**

AENOR
Asociación Española de Normalización Certificación

**29. ШВЕДСКА**

SIS – Swedish Standards Institute
Standardiseringen I Sverige

SEK
Svenska elektriska kommissionen

ITS
Informationstekniska standardiseringen

**30. ШВАЈЦАРИЈА**

Electrosuisse

**31. ТУРЦИЈА**

TSE – Turkish Standards Institution

**32. ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО**

BSI
British Standards Institution
BEC
British Electrotechnical Committee

Прилог 3

Список
на услуги кои не се опфатени во член 2 став 1 точка 2

1.Услуги кои не се обезбедуваат „на далечина“
- Услуги обезбедени при физичко присуство на давателот и на корисникот, дури и ако ја вклучуваат употребата на електронски уреди:
(а) медицински прегледи или третмани во ординација, при што се користи елеjтронска опрема, каде што пациентот е физички присутен;
(б) консултација со електронски каталог во продавница додека е присутен клиентот;
(в) резервација на авионски билет во туристичка агенција со помош на компјутерска мрежа при физичко присуство на клиентот;
(г) електронски игри кои се ставени на располагање во видео-играчница, каде што клиентот е физички присутен.

2. Услуги кои не се обезбедуваат „по електронски пат“
- Услуги кои имаат материјална содржина иако се обезбедени по пат на електронски уреди:
(а) автомати за подигање пари во готово или билети (банкноти, билети за воз);
(б) пристап до патни мрежи , паркиралишта и слично, за чија употреба се наплаќа, дури и ако има електронски уреди на влезот/излезот со кои се контролира пристапот и/или се осигурува точната наплата.

- Услуги кои не се обезбедуваат преку компјутерска мрежа (off-line услуги), дистрибуција на ЦД-ромови или софтвер на дискети;
- Услуги кои не се обезбедуваат преку електронски систем за обработка/попишување:
(а) телефакс/телекс услуги;
(в) услуги обезбедени преку говорната телефонија или факс;
(г) консултација со доктор преку телефон/телефакс;
(д) консултација со адвокат преку телефон/телефакс;
(ѓ) директен маркетинг преку телефон/телефакс.

3. Услуги кои не се обезбедуваат „на поединечно барање на корисникот на услуги“
- Услуги кои се обезбедуваат со пренос на податоци без поединечно барање за истовремен прием од неограничен број поединечни приемници (пренос точка – повеќе точки):
(а) услуги на телевизиско емитување (вклучуваќи и услуги слични на видео услугите на барање на корисникот – Near Video On Demand) опфатени од точка (а) од член 1 од Директивата 89/552/ЕЕЗ;
(б) услуги на радиоемитување; и
(в) (телевизиски) телетекс.

**4030.**

Врз основа на член 91 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТИНА ТЕТОВО**

Член 1

Општината Тетово ќе врши работи за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кое се наоѓа на нејзиното подрачје согласно исполнетите услови од член 89 од Законот за градежно земјиште.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-1326/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4031.**

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија “ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, на седницата, одржана на 11.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД ОД 3.06.2011 ДО 31.12.2011 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА-СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 3.06.2011 до 31.12.2011 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, број 02-2258/3-2 од 22.02.2012 година, усвоени од Одборот на директори на ова акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-8914/1
11 декември 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**,с.р.

**4032.**

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија “ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, на седницата, одржана на 11.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА-СКОПЈЕ ЗА 2011 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2011 година, број 02-7789/5-2 од 25.06.2012 година, усвоен од Одборот на директори на ова акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-8914/2
11 декември 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**,с.р.

---

**4033.**

Врз основа на член 146 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“, бр.100/2005, 19/2007, 103/2008, 6/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ РАДИОДИФУЗНА ТАКСА**

1. Се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците во населено место Нов Истевник, општина Делчево, со вкупно 67 (шеесет и седум) домаќинства, кое не е покриено со радиодифузен сигнал, односно нема прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија“.

2. Ослободувањето од плаќање радиодифузна такса наведено во точка 1 од оваа одлука е со времетраење до 31.05.2013 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9157/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4034.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија", бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за здравство, му престанува користењето на движните ствари - учебници на македонски и албански јазик од реномирани странски автори од областа на медицината и тоа:

| Ред. Бр. | Наслов на учебникот на англиски, македонски и албански јазик | Автор | Издавачка куќа | ISBN | Број на страни | Количина на македонски и албански јазик | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Public Health Administration: Principles for Population-based Management** | **Lloyd F. Novick, Cynthia B. Morrow, Glen P. Mays** | Академски печат | **978-0763738426** | **797** | | **10052** |
| | Администрација на јавното здравство | Л.Новик, С.Мороу, Г.Мејс | Академски печат | 978-608-231-010-7 | 790 | 0 | |
| | Administrata e shëndetit publik parimet e menaxhimit bazuar në popullsi | Lojd F. Novik, Sintija B. Morou, Glen P. Mejs | Академски печат | 978-608-231-054-1 | 778 | 500 | |
| 2. | **Epidemiology for Public Health Practice** | **Robert H., Ph.D. Friis** | | **978-0763751616** | **718** | | **10053** |
| | Епидемиологија на јавното здравство | Р.Флиис, Т.Селерс | Академски печат | 978-608-231-006-0 | 690 | 0 | |
| | Epidemiologjia e shëndetit publik | Robert H. Friis , Tomas A. Selers | Академски печат | 978-608-231-064-0 | 674 | 500 | |
| 3. | **Textbook of Medical Physiology** | **Arthur C. Guyton, John E. Hall** | | **0-7216-0240-1** | **1150** | | **10054** |
| | Учебник по медицинска физиологија | Артур К. Гајтон, Џон Е. Хол | Академски печат | 978-608-231-075-6 | 1150 | 1000 | |
| | Libër i fiziologjisë mjekësore | Arthur C. Guyton, John E. Hall | Академски печат | 978-608-231-084-8 | 1150 | 500 | |
| 4. | **Williams Textbook of Endocrinology** | **Henry M. Kronenberg, Shlomo Melmed, Kenneth S. Polonsky, P. Reed Larsen** | | **978-1416029113** | **1936** | | **10055** |
| | Учебник по ЕНДОКРИНОЛОГИЈА на Вилијамс | д-р Хенри М. Кроненберг д-р Шломо Мелмед, д-р Кенет С. Полонски д-р П. Рид Ларсен, | Табернакул | 978-1416029113 | 1936 | 1000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Traktati I ENDOKRINOLOGJISË Williams | Henry M. Kronenberg, Shlomo Melmed, Kenneth S. Polonsky, P. Reed Larsen | Табернакул | 978-1416029113 | 1936 | 500 | |
| 5. | **Infectious Diseases** | **Jonathan Cohen, William G. Powderly** | | **978-0323024075** | **2150** | | **10056** |
| | Инфективни болести | д-р Џонатан Коен, д-р Вилијам Џ. Паудерли | Табернакул | 978-0323024075 | 2150 | 1000 | |
| | Sëmundjet infektive | Jonathan Cohen, William G. Powderly | Табернакул | 978-0323024075 | 2150 | 500 | |
| 6. | **Cecil Medicine: Expert Consult Premium Edition: Enhanced Online Features and Print** | **Lee Goldman, Dennis Arthur Ausiello** | | **978-1416044789** | **3120** | | **10057** |
| | СЕСИЛ МЕДИЦИНА | д-р Ли Гоулдман, д-р Депис Осиело | Табернакул | 978-1416044789 | 3120 | 1000 | |
| | TRAKTAT MJEKËSOR I CECIL-IT | Lee Goldman, Dennis Arthur Ausiello | Табернакул | 978-1416044789 | 3120 | 500 | |
| 7. | **Oxford Textbook of Clinical Nephrology** | **Alexander Davison, J. Stewart Cameron, Jean Pierre Grunfeld, Claudio Ponticelli, Eberhard Ritz, Christopher G. Winearls, Charles Van Ypersele** | | **978-0198508243** | **3048** | | **10058** |
| | Оксфордски учебник по КЛИНИЧКА НЕФРОЛОГИЈА | Алекс М. Дејвисон Џ. Стјуарт Камерон Жан-Пјер Грунфелд Клаудио Понтичели Еберхард Риц Кристофер Г. Винлс Чарлс ван Иперсел | Табернакул | 978-0198508243 | 3048 | 1000 | |
| | Traktat i Oksfordit NEFROLOGJIA KLINIKE | Alexander Davison, J. Stewart Cameron, Jean Pierre Grunfeld, Claudio Ponticelli, Eberhard Ritz, Christopher G. Winearls, Charles Van Ypersele | Табернакул | 978-0198508243 | 3048 | 500 | |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење на Министерството за образование и наука без надомест.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со Министерот за образование и наука со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9257/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

**4035.**

Врз основа на член 193 став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА УДЕЛИТЕ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА НА ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на уделите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на јавни берзански аукции бр. 02-6887/1, донесена од Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 4.12.2012 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9261/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4036.**

Врз основа на член 49 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 18/2011 и 148/2011) и член 25 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Служен весник на Република Македонија" бр.95/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, СПОРЕД ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА ИЗГРАДБА "УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ - РЕСТОРАНТ" КО РАШТАНИ ВОН Г.Р., ВО ОПШТИНА КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена земјоделско во градежно земјиште, според Локална урбанистичка планска документација, за изградба "Угостителски објект - Ресторант" КО Раштани вон г.р., во општина Кичево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, е со следните катастарски индикации:

| Катастарска општина | Имотен лист број | Катастарска парцела број | Место викано | Катастарска култура | Катастарска класа | Површина | Сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раштани вон г.р. | 532 | Дел од 269 | Нацжаде | пнз - други природно неплодни земјишта | - | 9200 $м^2$ | Ајдин Бајрами ½ Алим Бајрами ½ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9262/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4037.**

Врз основа на член 383 став 1 точка 1 и член 418 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11), Владата на Република Македонија во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА", ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ**

Член 1

Во Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА", во државна сопственост, Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 85/10 и 111/10) во членот 8 став 1 износот „2.236.785.200,00" се заменува со износот „2.018.344.092,00".

Во ставот 2 зборовите „6.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „5.414,06 денари".

Член 2

Се задолжува Надзорниот одбор на АД „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА", Скопје да подготви пречистен текст на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА", во државна сопственост, Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9276/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4038.**

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.17/2011, 53/2011 и 144/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со седиште во Скопје, ул.„11 Октомври" бр. 9, за градежно земјиште во вкупна површина од 33 м2 евидентирано во Имотен лист бр. 94001, кое претставува:

- КП бр. 8528/2 КО Горче Петров 6 со површина од 10 м2 и
- КП бр. 13572/3 КО Ѓорче Петров 6 со површина од 23 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-9282/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**4039.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007 и 35/2011) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за образование и наука му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Назив на материјал | Количина |
|---|---|
| Централен компјутер IBM x3650 M3 | 1 |
| Софтвер на базата на ORACLE Oracle 10g Standard Edition податоци | 1 |
| Централен компјутер за податоци - Метаморфо IBM x3550 M3 | 2 |
| Централен компјутер за податоци - МетаМетчер IBM x3550 M3 | 2 |
| Централна терминалска станица IBM 8 ports | 1 |
| Централен мрежен уред HP E2810-24G | 1 |
| Кабинет за сместување на серверите IBM Model S25 | 1 |
| Копјутерски екран Philips Screen 24" 1680x1050 | 6 |
| Персонален компјутер Lenovo M58e | 6 |
| Софтвер за визуелизација ILOG ILOG VIEWS | 6 |
| Софтвер за компресија на слики AWARE JPEG2000 | 6 |
| Баркод читач DATALOGIC GRYPHON D4X2 | 6 |
| Скенер EPSON V700 | 6 |
| Експертска работна станица Morpho LAW lite | 6 |
| Маси и столчиња | 6 |
| Ласерски печатар LEXMARK C734dn | 6 |
| Софтвер за база на податоци ORACLE Oracle 10g Standard Edition One per Core | 1 |
| Компјутерски екран Philips Screen 24" 1680x1050 | 1 |
| Персонален компјутер Lenovo M58e | 1 |
| Софтвер за визуелизација ILOG ILOG VIEWS | 1 |
| Софтвер за компресија на слики AWARE JPEG2000 | 1 |
| Баркод читач DATALOGIC GRYPHON D4X2 | 1 |
| Скенер EPSON V700 | 1 |
| Ласерски печатар LEXMARK C734dn | 1 |
| Скенер за отпечатоци CROSSMATCH LSCAN 1000PX | 1 |
| Камера CANON EOS 1000D | 1 |
| Уред за непрекинато напојување EATON Ellipse max 600FR | 1 |
| Преносни компјутери Dell Vostro3700 | 11 |
| Софтвер за база на податоциа ORACLE Oracle 10g Standard Edition | 11 |
| Софтвер за визуелизација ILOG ILOG VIEWS | 11 |
| Софтвер за компресија на слики AWARE JPEG2000 | 11 |
| Куфер за опрема за земање отпечатоци Morpho Palm Scan Suitcase | 11 |
| Скенер за отпечатоци CROSSMATCH LSCAN 1000PX | 11 |
| Камера CANON EOS 1000D | 11 |
| Рачен мобилен скенер за брза идентификација Morpho MR 1200 WG | 1 |
| Уред за напојување MR Wal Charger | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење на Факултет за безбедност – Скопје во состав на Универзитет "Св.Климент Охридски" - Битола, без надомест.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со деканот на Факултет за безбедност – Скопје во состав на Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9420/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Владимир Пешевски,** с.р.

---

**4040.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005,150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО**

Член 1
Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за правда - Биро за судски вештачења му престанува користењето на движна ствар патничко моторно возило „Сеат Кордоба„ тип 1.9 sdi; број на шасија VSSZZZ6KZ2R208884, број на мотор AGP264824, година на производство 2002; сила на мотор 50 kv; запремнина 1898 cct; седишта 4 + 1.

Член 2
Движна ствар од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено поправен дом Идризово.

Член 3
Директорот на Бирото за судски вештачења склучува договор со директорот на Казнено поправен дом Идризово со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Бр. 41-9421/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Владимир Пешевски,** с.р.

___

**4041.**
Врз основа на член 94 став 1 алинеја 2 од Законот за водостопанствата, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2003, 95/2005, 103/2008, 1/2012 и 95/2012), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУТОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА „ВОДОСТОПАНСТВО БРЕГАЛНИЦА“ - КОЧАНИ**

Член 1
Со оваа одлука се одобрува Статутот за изменување на Статутот на „Водостопанство Брегалница“ - Кочани, бр.03-907/3-3 од 21.12.2012 година, донесен од Одборот на корисници на вода на „Водостопанство Брегалница“ - Кочани.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9439/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

___

**4042.**
4027. Врз основа на член 27-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр.8/2005, 150/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-УПРАВАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ**

Член 1
Со оваа одлука на досегашниот корисник Агенција за катастар на недвижности–Одделение за катастар на недвижности Охрид му престанува користењето на недвижните ствари, деловни простории во зграда 1, влез 1, приземје, простории бр.10, 11 и 12 на ул. Димитар Влахов бр. 1 во Охрид, кои се наоѓаат на К.П. бр.15104, КО Охрид 3, евидентирани во Имотен лист бр. 87731, сопственост на Република Македонија.

Член 2
Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги за потребите на Подрачното одделение Охрид.

Член 3
Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Охрид и Министерството за правда- Управата за водење на матичните книги-Подрачно одделение Охрид, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9453/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Владимир Пешевски,** с.р.

___

**4043.**
Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/2010, 158/2010, 53/2011 и 136/2011), член 127 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2012) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

Член 1
Во Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ 131/2012), во членот 3 став 1 алинеите 7, 15, 16, 17, 20, 21, 22 се бришат.

Во алинеите 23 и 24 се бришат зборовите “песок, глина и“.

Алинеите 27, 28, 29 и 30 се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9455/1 Заменик на претседателот
25 декември 2012 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

**4044.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/05, 150/07 и 35/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за внатрешни работи се дава на трајно користење без надомест недвижна ствар лоцирана на ул.„Велко Влаховиќ бр.17 зграда број 1, влез 2, приземје со површина од 45 м2 и дел од недвижна ствар лоцирана на ул.„ Велко Влаховиќ" бр. 24, зграда број 1, влез 1, мезанин 1 со површина од 79 м2 и мезанин 2 со површина од 155 м2 КП бр.11836, КО Центар 1, евидентирани на имотен лист бр.42431, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-9456/1 Заменик на претседателот
25 декември 2012 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**4045.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за правда, бр.07-3679/6 од 17.12.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9704/1 Заменик на претседателот
25 декември 2012 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4046.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за животна средина и просторно планирање, бр.07-3679/7 од 17.12.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9704/2 Заменик на претседателот
25 декември 2012 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4047.**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12), а во врска со член 10 став (1) од Законот концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – КВАРЦИТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНИЈА ПАТ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "БАДАР ЛЕТЕВЦИ", ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

1. На Јавното претпријатие МАКЕДОНИЈА ПАТ Скопје се доделува концесија за експлоатација на минералната суровина – кварцит на локалитетот "Бадар Летевци", општина Петровец, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7558000 | 4636500 |
| Т-2 | 7558500 | 4636500 |
| Т-3 | 7558600 | 4636000 |
| Т-4 | 7559350 | 4635000 |
| Т-5 | 7558875 | 4634750 |
| Т-6 | 7558125 | 4635750 |

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува Р= 0.981250 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 30 (триесет) години.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање

на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9998/1 | Претседател на Владата |
| 25 декември 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**4048.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија,, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење на недвижни ствари на Државниот завод за ревизија бр.19-3381/1 од 7 јули 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.87/09).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-10016/1 | Заменик на претседателот |
| 25 декември 2012 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

**4049.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Градот Скопје, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2012, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во членот 1, став 1, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056271".

Во членот 1, став 2, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056271".

Во членот 1, став 3, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056235".

Во членот 1, став 4, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056576".

Во членот 1, став 5, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056553".

Во членот 1, став 6, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056265".

Во членот 1, став 7, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056253".

Во членот 1, став 8, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056231".

Во членот 1, став 9, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056262".

Во членот 1, став 10, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056474".

Во членот 1, став 11, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056304".

Во членот 1, став 12, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056297".

Во членот 1, став 13, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056259".

Во членот 1, став 14, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056584".

Во членот 1, став 15, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21969170" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056291".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9722/3 | |
| 28 декември 2012 година | Од Владата |
| Скопје | на Република Македонија |

**4050.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Градот Скопје, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2012, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во членот 1, став 1, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056238"; Во членот 1, став 2, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056525"; Во членот 1, став 3, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056232"; Во членот 1, став 4, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056288"; Во членот 1, став 5, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056503"; Во членот 1, став 6, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056596"; Во членот 1, став 7, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056294"; Во членот 1, став 8, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056249"; Во членот 1, став 9, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407" се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B

22056302“; Во членот 1, став 10, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056268“; Во членот 1, став 11, во алинеја 2 зборовите „I6SB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056512“; Во членот 1, став 12, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056279“; Во членот 1, став 13, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056243“; Во членот 1, став 14, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056535“; Во членот 1, став 15, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056246“; Во членот 1, став 16, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056557“; Во членот 1, став 17, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056256“; Во членот 1, став 18, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056282“; Во членот 1, став 19, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056682“; Во членот 1, став 20, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056273“; Во членот 1, став 21, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056540“; Во членот 1, став 22, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056241“; Во членот 1, став 23, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056593“; Во членот 1, став 24, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056299“; Во членот 1, став 25, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22055691“; Во членот 1, став 26, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056605“; Во членот 1, став 27, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056516“; Во членот 1, став 28, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056507“; Во членот 1, став 29, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056611“; Во членот 1, став 30, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056692“; Во членот 1, став 31, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056686“; Во членот 1, став 32, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056602“; Во членот 1, став 33, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056488“; Во членот 1, став 34, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056491“; Во членот 1, став 35, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056689“; Во членот 1, став 36, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056510“; Во членот 1, став 37, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056695“; Во членот 1, став 38, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056500“; Во членот 1, став 39, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056505“; Во членот 1, став 40, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056587“; Во членот 1, став 41, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056821“; Во членот 1, став 42, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056683“; Во членот 1, став 43, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056683“; Во членот 1, став 44, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056476“; Во членот 1, став 45, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056522“; Во членот 1, став 46, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056482“; Во членот 1, став 47, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056479“; Во членот 1, став 48, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056630“; Во членот 1, став 49, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056514“; Во членот 1, став 50, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056530“; Во членот 1, став 51, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056544“; Во членот 1, став 52, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056285“; Во членот 1, став 53, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056614“; Во членот 1, став 54, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056226“; Во членот 1, став 55, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056608“; Во членот 1, став 56, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056599“; Во членот 1, став 57, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056581“; Во членот 1, став 58, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056700“; Во членот 1, став 59, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056471“; Во членот 1, став 60, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056494“; Во членот 1, став 61, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056519“; Во членот 1, став 62, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056561“; Во членот 1, став 63, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056703“; Во членот 1, став 64, во алинеја 2 зборовите „ISB 6.7E5285B 21954407“ се заменуваат со зборовите „ISB 6.7E5285B 22056485“.

Бр. 41-9724/3
28 декември 2012 година
Скопје

Од Владата
на Република Македонија

**4051.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.180/2011), член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр.146/2009 и 53/2011), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/2006, 88/2008, 31/2010, 36/2011 и 53/2011), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008 и 116/2010), член 12 од Законот за вино („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2010, 53/2011 и 6/2012), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2012 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.22/2012, 46/2012, 68/2012, 82/2012, 97/2012, 114/2012, 123/2012 и 132/2012) во дел X-а третиот став се менува и гласи:

„Помошта од став 1 подмерка 11.3. во износ од 2 денари по килограм е наменета за извезен ориз во пакување и ќе се додели на регистрирани откупувачи на ориз (освен во вреќи).“.

II

Во делот XII во дванаесеттиот став рокот „15.12.2012 година“ се заменува со рокот „31.12.2012 година“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10006/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4052.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 180/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2012 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година (“Службен весник на Република Македонија” бр. 34/12, 46/12, 82/12, 116/12 и 127/12) во дел I став (2) во воведната реченица износот: „536.938.000“ се заменува со износот: „542.413.500“.

| „Точка | Инструменти/мерки | Износ (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Зголемување на конкурентноста на земјоделско-то производство | 343.913.500 |
| 1.1. | Помош за обука и информирање на земјоделските производители | / |
| 1.2. | Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност | 2.300.000 |
| 1.3. | Советодавни услуги за развој на земјоделството | / |
| 1.4. | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 250.375.500 |
| 1.5. | Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите | / |
| 1.6. | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 7.500.000 |
| 1.7. | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството | 83.738.000 |
| 1.8. | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | / |
| 2. | Мерки од унапредување на животната средина и руралните предели | 22.050.000 |
| 2.1. | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 20.500.000 |
| 2.2. | Воспоставување на систем за следење и анализа на автохтони раси на добиток и автохтони видови растенија за земјоделско производство (и создавање на генетски ресурси) | 2.000.000 |
| 3. | Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности | 186.000.000 |
| 3.1. | Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини | 186.000.000 |
| | ВКУПНО | 552.413.500“ |

Во ставот (3) износот „51.000.000,00“ се заменува со износот „45.524.500“.

| „Точка | Вид на мерка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството | 20.800.000 |
| 1.1. | Помош за маркетинг на земјоделски производи | 16.800.000 |
| 1.2. | Помош за учество, закуп на простор, патни и трошоци за сместување и трошоци за пропаганден материјал за учество на саемски манифестации и саеми како изложувачи | 4.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој | 24.724.500 |
| 2.1. | Изработка и печатење на обрасци и упатства за корисниците и огласување на информации | 2.200.000 |
| 2.2. | Трошоци за спроведување на контрола на лице место | 800.000 |
| 2.3. | Организирање и спроведување на обуки на потенцијалните корисници за користење на средствата од оваа програма | 1.000.000 |
| 2.4. | Трошоци за воспоставување на регистри, бази на податоци и системи за контрола за спроведување на мерки за рурален развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој | 2.000.000 |
| 2.5. | Инвестициони вложувања за реализација на апликативни и базични научно-истражувачки проекти и воспоставување на показно-демонстративни подрачја врз основа на доставен и одобрен повеќегодишен план за реализација | / |
| 2.6. | Набавка на основни средства-наменски возила за теренско промовирање на мерките од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 14.102.000 |
| 2.7. | Трошоци за спроведување на едукативни и информативни кампањи за земјоделците | 3.000.000 |
| 2.8. | Трошоци за изработка на геодетски елаборати | 1.622.500 |
| | ВКУПНО | 45.524.500“ |

Во ставот (4) износот „12.000.000,00“ се заменува со износот „2,000,000“.

Табелата во ставот (4) се менува и гласи:

| „Точка | Вид на мерка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Државна помош во земјоделството | 2.000.000 |
| 1.1. | Помош на плодоуживатели | 2.000.000 |

II

Во делот II став (1) зборовите „во износ од 1.200.000,00 денари“ се бришат.

III

Во делот IV став (1) зборовите „во износ од 1.700.000,00 денари“ се бришат.

IV

Во делот V став (1) износот „240.600.000“ се заменува со износот „250.375.500“.

Во ставот (2) износот „180.000.000“ се заменува со износот „165.000.000“.

Во ставот (3) износот: „68.790.000“ се заменува со износот „85.375.500“, а табелата се менува и гласи:

| Под-сектор | Износ |
|---|---|
| Лозарство | 23.700.000 |
| Овоштарство | 22.090.000 |
| Житни култури | 31.000.000 |
| Индустриски култури (вклучително и производство на компир) | 8.585.500 |
| Вкупно | 85.375.500 |

V

Во делот VI став (1) зборовите „во износ од 3.000.000,00 денари“ се бришат.

VI

Во дел VII став (1) зборовите „во износ од 28.590.000,00 денари“ се бришат.

Во ставот (3) воведната реченица се менува и гласи:

„(3) Поддршката за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи е наменета за следново:“

VII

Во дел X став (1) износот: „3.500.000,00 “ се заменува со износот: „20.500.000“.

Во ставот (3) износот: „2.000.000,00“ се заменува со износот: „19.000.000,00“.

VIII

Делот XI се менува и гласи:

„(1) Средствата од табелата од дел I став (2) точка 2. Потточка 2.2. „Воспоставување на систем за следење и анализа на автохтони видови животни и автохтони видови растенија за земјоделско производство (и создавање на генетски ресурси)“ на оваа програма се наменети за финансирање на оперативни мерки и активности за ревитализација на Ген банките во Скопје, Струмица и Прилеп.

(2) Корисник на средствата е Министерството врз основа на склучени договори согласно Законот за семе и саден материјал за активностите од став (1) на овој дел.

(3) Средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат согласно предвидената динамика за спроведување на договорите од став (2) на овој дел.

(4) Мерките и активностите од став (1) на овој дел може да вклучуваат материјални трошоци, инвестиции во објекти и опрема.“

IX

Во делот XIII износот: „164.910.000“ се заменува со износот: „186.000.000 “.

Во ставот (2) износот: „118.000.000,00“ се заменува со износот: „101.261.117 “.

Во ставот (3) износот: „46.910.000“ се заменува со износот: „84.738.883“.

X

Делот XVсе менува и гласи:

„(1) Средствата од табелата од дел I став (3) точка 1. Потточка 1.1. „Помош за маркетинг на земјоделски производи“ ќе се користат за реализација на барања поднесени врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година.

(2) Средствата од табелата од дел I став (3) точка 1. Потточка 1.2. „Помош за учество, закуп на простор, патни и трошоци за сместување и трошоци за пропаганден материјал за учество на саемски манифестации и саеми како изложувачи“ ќе се користат во согласност со член 101 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

(2) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.1. „ „Изработка и печатење на обрасци и упатства за корисниците и огласување

на информации“ и точка 2. потточка 2.1. „Трошоци за спроведување на контрола на лице место“ ги спроведува Агенцијата.

(3) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.3. „Организирање и спроведување на обуки на потенцијалните корисници за користење на средствата од оваа Програма“ ги спроведува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за:

- обука и информирање на физички и правни лица кои вршат дејност во руралните подрачја за воспоставување на локални акциски групи, и

- обука и информирање на земјоделските стопанства за предностите од економско здружување во земјоделски задруги.

(4) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.4. „Трошоци за воспоставување на регистри, бази на податоци и системи за контрола за спроведување на мерки за рурален развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој“ се наменети за дигитализација на системот за идентификација на земјишни парцели за спроведување на агро-еколошки мерки.

(5) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.5 „Инвестициони вложувања за реализација на апликативни и базични научно-истражувачки проекти и воспоставување на показно-демонстративни подрачја врз основа на доставен и одобрен повеќегодишен план за реализација“ ги спроведува Министерството во согласност со член 101 од Законот за земјоделство и руралниот развој и во насока за:

- иновации во однос на земјоделската механизација и опрема која ќе овозможи поголема ефикасност и продуктивност,

- иновации во однос на нов семенски и саден материјал кои ќе овозможат создавање на нови сорти,

- иновации во однос на агрохемиско третирање на почвата и земјоделските култури,

- иновации и истражувања во однос на трансфер на технологии и иновативни решенија од странски држави и нивно прилагодување во Република Македонија, и

- иновации во технологиите во сточарството, и

- воспоставување на лабаратории за проверка на квалитетот на млекото во научно-образовните институции од областа на земјоделството.

(6) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.6. „Набавка на основни средства-наменски возила за теренско промовирање на мерките од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ ќе се користат за реализација на барања поднесени врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година.

(7) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.7. „Трошоци за спроведување на едукативни и информативни кампањи за земјоделците“ се наменети за спроведување на активности за едукативни и информативни кампањи за земјоделците. Корисник на средствата е Министерството по спроведена постапка за јавна набавка и склучени договори за користење на услуги.

(8) Средствата од табелата од дел I став (3) на оваа програма точка 2. потточка 2.8. „Трошоци за изработка на геодетски елаборати“ ќе се доделат за изработка на геодетски елаборати за излагање на недвижности кои што во катастарското излагање останале со незапишани права. Корисник на средствата е Министерството по спроведена постапка за јавна набавка и склучени договори за користење на услуги.“

XI

Делот XVI се менува и гласи:

„ Средствата од табелата од дел I став (4) точка 1. потточка 1.1. „Помош на плодоуживатели“ на оваа програма се доделуваат согласно со член 106-а од Законот за земјоделство и рурален развој и за спроведени постапки и склучени договори во 2012 година.“

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” .

| | |
|---|---|
| Бр. 41-10011/1 | Заменик на претседателот |
| 25 декември 2012 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

**4053.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје се разрешуваат

претставниците на основачот
- Маја Киселиковска
- Тодор Петрушевски

од редот на стручните работници на Установата
- Весна Самојловска
- Душанка Петрова

2. За членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности -Скопје се именуваат:

претставници на основачот
- Сретен Рогов
- Надежда Узелац

од редот на стручните работници на Установата
- Весна Самојловска
- Душанка Петрова

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

| | |
|---|---|
| Број 23-2102/5 | Претседател на Владата |
| 25 декември 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**,с.р. |

**4054.**

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР ОД РЕДОТ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ“ СКОПЈЕ**

1. Гордана Ничевска се разрешува од должноста член на Управниот одбор од редот на стручните работници на Јавната установа Детски дом „11 Октомври“ – Скопје.

2. За член на Управниот одбор од редот на стручните работници на Јавната установа Детски дом „11 Октомври“ – Скопје се именува

- Ангелина Миткова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Број 23-5288/2 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

---

**4055.**

Врз основа на член 96 став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2000, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009, 156/2009, 51/2011 и 157/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗА ДЕЦА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ „ИЛИНДЕН“ – ГОСТИВАР**

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Јавната установа за деца Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:

- Асаф Адеми
- Ќерамедин Селими
- Мане Јаковлевски
- Диме Димоски.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на Јавната установа за деца Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар се именуваат:

- м-р Јанко Билбилоски
- Ивица Симоски
- Гоце Палазов
- Ѓоко Атанасовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23- 6729/4 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

---

**4056.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/211) и член 25 од Статутот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**

1. За директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје се именува м-р Шкодране Дарлишта.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-8863/2 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

---

**4057.**

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

1. Антон Серечи се разрешува од должноста заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, поради стекнување право на старосна пензија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-9940/1 Претседател на Владата
23 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

---

**4058.**

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

1. За заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се именува Зеко Абази.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23- 9941/1 Претседател на Владата
23 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

**4059.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА РЕСЕН**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:

претставниците на основачот
- Кире Георгиевски
- Јовче Митревски
- Славица Бочкаровска – Митревска

од редот на стручните работници на Центарот
- Селвие Мехмети

2. За членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, се именуваат:

претставници на основачот
- Љубица Мицановска
- Кицо Нонкуловски
- Ирена Петковска

од редот на стручните работници на Центарот
- Васка Доновска - Чоневска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Број 23-10056/1 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

**4060.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НЕГОТИНО**

1. Ванчо Петров се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, поради истек на мандатот за кој е именуван.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, се именува
- Анита Лапчева Вулиќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Број 23-10057/1 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

**4061.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СТРУГА**

1. Боро Донески се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, поради истек на мандатот за кој е именуван.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, се именува
- Весна Лазароска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Број 23-10058/1 Претседател на Владата
25 декември 2012 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**,с.р.

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4062.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УПРАВЕН СУД**

1. За судија на Управен суд е избран:
- Гоко Живковски – Раководител на Сектор во Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2008/1 Судски совет
28 декември 2012 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4063.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

1. За судија на Апелационен суд Скопје е избран:
- Амир Абдулаи – адвокат од Гостивар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2009/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4064.**
Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**

1. За судии на Апелационен суд Гостивар се избрани:
- Мираљем Асани – член на Совет на јавни обвинители на Република Македонија и
- Африм Јакупи – судија на Основен суд Гостивар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2010/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4065.**
Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

1. За судии на Основен суд Велес се избрани:
- Емина Калач - судски соработник во Основен суд Куманово и
- Ангел Трипчев – адвокат од Велес.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2011/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4066.**
Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР**

1. За судии на Основен суд Гостивар се избрани:
- Емине Мурати – адвокат од Гостивар;
- Мирослав Петроски – судски соработник во Апелационен суд Гостивар и
- Бетим Илази – адвокат од Гостивар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2012/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4067.**
Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**

1. За судија на Основен суд Куманово е избран:
- Јусуф Ајрулахи - адвокат од Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2013/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

**4068.**
Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**

1. За судија на Основен суд Скопје 1 Скопје е избран:
- Пајазит Пајазити – стручен соработник во Основно јавно обвинителство Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2014/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4069.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ**

1. За судија на Основен суд Скопје 2 Скопје е избран:
- Виолета Арнаудовска – Државен советник во Судски совет на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2015/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4070.**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата на Советот одржана на 28.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За заменик претседател на Судскиот совет на Република Македонија е избран:
Мерсељ Пајазити- член на Судскиот совет на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2025/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4071.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 28.12.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Злата Стамболиска, судија на Управниот суд, со навршување на 64 години на 08.12.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 28.12.2012 година.

Бр. 07-2022/12
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4072.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 28.12.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Верица Божиновска Црцаревска, судија на Основен суд Скопје 2 Скопје со навршување на 64 години на 23.12.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 28.12.2012 година.

Бр. 07-2023/12
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4073.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/2010), на ден 28.12.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Јован Чичаковски, судија на Основен суд Берово, со наполнување на 64 години на 23.12.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 28.12.2012 година.

Бр. 07-2024/12
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**4074.**

Судскиот совет на Република Македонија врз основа на член 39 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/2006), објавува

**О Г Л А С**

- За избор на 1 (еден) судија на Управниот суд;
- За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Скопје;
- За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Битола;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Битола;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Гостивар;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Кичево;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Охрид;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Ресен и
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Скопје 2 Скопје.

Кандидатите за избор на судија треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/2006) и член 6 и 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008). Кандидатите за избор на судија на Управниот суд треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 17 став (2) алинеја 1 од Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр.150/2010).

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, (лекарското уверение да не е постаро од една година од денот на издавање и уверение дека не е изречена мерка на безбедност за забрана на вршење на професија, дејност или должност, да не е постаро од шест месеци од денот на издавањето), да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул. „Вељко Влаховиќ“ бб, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web-страната на Судскиот совет на Република Македонија на следната адреса: http://www.ssrm.mk/docs/formulari/prijava.doc. Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 07-2004/1
28 декември 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2012171